# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 3 | Понеделник, 10 февруари 2020 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

Содржина

## Градоначалник на општина Струмица:

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 46. | **Одлука** за организирање стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица ................................ | 1 |
| 47. | **Решение** за формирање на Комисија за спроведување на стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица ................................................ | 2 |

-----------------------------------------------------------

**46.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија “ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број 4/03, 2/06,15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О д л у к а**
**за организирање стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица**

**Член 1**

Се организира стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица,со површина

од 74,47ха .Просторот на планскиот опфат е следниот:

- Границите на планскиот опфат за Блок 12 се водат по осовините на ул.”Гоце Делчев” на север, ул.”Балканска” на запад, ул.”Климент Охридски” на исток и ул.”Крушевска Република” на југ.

- Блоковите 40/2, 41/1 и 41/2 се соседни блокови и границата на планскиот опфат за трите блока се води по осовините на: собирната улица на северната граница на планскиот опфат на градот на север, прекршува по магистралната улица 15-а на исток до пресекот со ул.15, се води по ул.15 на југ до пресекот со ул 14-а, прекршува на север по ул.14-а до пресекот со ул.12 и се води кон запад до пресекот со ул.14, која го затвора планскиот опфат до пресекот на собирната улица на север.

**Член 2**

Одлуката за организирање на стручна расправа ќе биде објавена на огласната табла на Општина Струмица, во Секторот за урбанизам и комунални работи, на ВЕБ страницата на Општина Струмица – е-урбанизам, во Службен гласник на општина Струмица и во две јавни гласила.

**Член 3**

Стручната расправа ќе се одржи на ден 13.02.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 4**

Генералниот урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2 ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

**Член 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок преку анкетни листови ќе можат да ги дадат своите забелешки.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во ”Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-965/2 Општина Струмица
07.02.2020 год Градоначалник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.

**47.**

Врз основа на член 34 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Службен весник на Република Македонија” број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Службен гласник на општина Струмица” број број 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10,1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за формирање на Комисија за спроведување на стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица**

1. Се формира Комисија за спроведување на стручна расправа на нацрт за Измена и дополнување на дел од УЕ 2 и УЕ 5 од Генерален урбанистички план на град Струмица Блок 12, Урбан Блок 40/2, Урбан Блок 41/1 и Урбан Блок 41/2, во Општина Струмица,со површина од 74,47ха. во состав:

- Софија Ристова - Раководител на Одделението за урбанизам,
- Томе Тимов - претставник на изготвувачот на планот,
- Александра Едровска - дипломиран архитект, надворешен член.

2. Се задолжува Комисијата да ја спроведе стручната расправа на ден 13.02.2020 година во 11:00 часот во просториите на Секторот за урбанизам и комунални работи ул.”Ленинова” бр.34.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во “Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.09-965/3 Општина Струмица
07.02.2020 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Коста Јаневски с.р.